Друштво за современи технологии
СОРСИКС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ
Бр. 0307-1/1
05.01 2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-12337/12
29-12-2020 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР
# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.„Св. Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, претставувано од министерката за образование и наука Мила Царовска, од една страна како **Нарачател**, и

2. **Друштво за современи технологии „СОРСИКС ИНТЕРНАЦИОНАЛ" ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Даме Груев бр.18 2-1/2, 1000 Скопје, претставувано од управителот Драган Шахпаски, од друга страна како **Давател на услуги**.

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите кои се предмет на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на поедноставена отворена постапка која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција бр.10-12337/2 од 04.11.2020 година, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.10-12337/10 од 22.12.2020 година и Конечната понуда бр.0302-142/1 од 23.12.2020 година (наш бр.10-14952/1 од 23.12.2020 година).

## 2. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Предмет на овој Договор е Одржување на системот „Регистар на Националната рамка на квалификации", согласно Одлуката за јавна набавка на услуги бр.10-12337/1 од 04.11.2020 година, тендерската документација и техничките спецификации од поедноставената отворена постапката која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција бр.10-12337/2 од 04.11.2020 година и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.10-12337/10 од 22.12.2020 година.

## 3. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на овој Договор изнесува 607.560,00 (шестотинииседумилјадипетстотиниишеесет) денари без ДДВ, ДДВ изнесува 109.361,00 (стоидеветилјадитристотинишеесетиеден) денари, а вкупната вредност со ДДВ изнесува 716.921,00 (седумстотиниишеснаесетилјадидеветстотини дваесетиеден) денари.

Единечната цена за еден месец изнесува 50.630,00 без ДДВ, ДДВ изнесува 109,361, а месечната цена со ДДВ изнесува 50.739,36 денари.

## 4. ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 5**

Давателот на услугите се обврзува да го реализира предметот на овој Договор во согласност со техничките спецификации кои се во прилог на тендерската документација бр.10-12337/2 од 04.11.2020 година во рок од 1 (една)

година сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

Давателот на услугите се обврзува тековно од технички аспект да го одржува системот „Регистар на Националната рамка на квалификации“, односно системот да биде функционален во секое време за секојдневно да се внесуваат квалификации. Системот да е усогласен и со Европските квалификации затоа што како корисници и лица за следење на одржливоста на системот е и Европската делегација во Република Северна Македонија.

Системскиот софтвер кој го користи системот „Регистар на Националната рамка на квалификации“ е составен од следните делови:

-Апликациски сервер: Payara: 4.1

-База на податоци: IBM DB2

-Веб апликација: Java: java version “1.8“

-Портал: Wordpress со база на податоци mySQL

Нарачателот се обврзува да врши надгледување и контрола на системот „Регистар на Националната рамка на квалификации“ во стандардните работни часови (8 часа на ден, 5 дена во неделата), а во случај на забележан проблем или потреба за интервенција пријавува/отвара барање за услуга до тимот за поддршка на Давателот на услугата, по електронска пошта или преку телефон.

Давателот на услугата се обврзува да врши детална анализа на елементите на системот „Регистар на Националната рамка на квалификации“, да постапува и разрешува настанат проблем, односно:

-да врши анализа на евидентиран потенцијален проблем и да превзема соодветни активности за разрешување на состојбата;

-да врши анализа на примена нотификација (алерт по e-mail или SMS) и да превзема соодветни активности за разрешување на состојбата и

-да врши разрешување на проблеми согласно приоритетот на проблемот специфициран во Табелата 3 и согласно временските рамки за ескалација и разрешување на проблем специфицирани во Табела 1 од техничката спецификација која е во прилог на тендерската документација бр.10-12337/2 од 04.11.2020 година.

Давателот на услуги е должен да обезбеди гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 10% од вредноста на договорот со вклучен ДДВ во рок од 5 работни дена од денот на склучување на договорот. Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 30 дена.

**Член 6**

Плаќањето ќе се врши преку месечен паушал во рок од 60 дена по достава на месечниот извештај за корисничка поддршка и одржување и достава на соодветна фактура. Фактурите задолжително се доставуваат за времетраење на овој договор.

Фактурата се смета за исправна доколку на истата е наведен архивскиот број на договорот врз основа на кој е издадена и е наведен рокот за плаќање утврден во став 1 на овој член.

Фактурата која не ги задоволува горенаведените критериуми се смета за неисправна и ќе биде вратена во законски рок. Начинот на плаќање е задолжителен.

За извршување на договорот не е дозволено авансно плаќање.

## 5. ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ

**Член 7**

Нарачателот е должен:

- да соработува со Давателот на услугата со цел предметот на договорот да се изврши навремено и квалитетно;
- да му ги достави на Давателот на услугата сите потребни податоци поврзани со извршување на договорените обврски.

Договорните страни по потпишувањето на овој Договор се должни да овластат одговорни лица за остварување на комуникација со другата договорна страна по прашања поврзани со овој Договор.

Одговорно лице за следење на реализација на Договорот кај Нарачателот е Кети Костовска.

Одговорно лице за следење на реализација на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

- ќе следи дали договорот се реализира според барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка, според понудата на давателот на услугите и според одредбите на овој договор;
- изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- ги прима и врши проверка на доставените фактури од Давателот на услугата;
- по потреба организира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;
- го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- по целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек-листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор;
- води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- по потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Нарачателот, како и
- врши и други работи поврзани со следење на реализација на договорот по свое видување и на барање на Нарачателот.

Секое известување за раскинување, неисполнување или друго известување од правна природа што треба да го даде која било од страните на овој Договор, ќе биде дадено:

- писмено по пошта, со обезбедена потврда за испораката;
- преку курир или преку друг начин на рачна испорака за која се добива потпишана потврда за прием од одговорниот претставник.

Писмените известувања договорните страни се должни да ги испраќаат на службените адреси дефинирани горе, или на друга адреса за која соодветната договорна страна е писмено известена.

## 6. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и е со важност од 1 (една) година.

**Член 9**

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

**Член 10**

Нарачателот има право еднострано да го раскине овој Договор доколку Давателот на услугата прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Нарачателот или во случај Давателот на услугата да не се придржува кон обврските од член 5 на овој Договор.

**Член 11**

Во случај на раскинување на овој Договор по вина на Давателот на услугата, истиот е должен на Нарачателот веднаш без одлагање да му ги подмири и да му ги надомести штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на Нарачателот.

## 7.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс на Договорот.

**Член 13**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно за истиот ќе решава стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **НАРАЧАТЕЛ,<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА<br>ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | **ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА,<br>Друштво за современи<br>технологии „СОРСИКС<br>ИНТЕРНАЦИОНАЛ“ ДООЕЛ** |
| **МИНИСТЕРКА,<br>Мила Царовска** | **Управител,<br>Драган Шахпаски** |

изготвил:Наташа Димовска
прегледал:Милка Масникоса
одобрил:Маја Бичиклиска